23 - 6206/6
19.12.2022

До:
**Проектната единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објекти на здравствени установи**

**Предмет:** Доставување на Претходен извештај

Почитувани,

Согласно член 42 став 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, член 15 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата, Повелба, Годишниот план и Програма за внатрешна ревизија во прилог на дописот Ви доставувам "Претходен извештај - Ревизија на постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси и прилог Акциски план" на Ваше разгледување.

Доколку имате забелешки по однос на Претходниот извештај Ве молам во рок од 10 работни дена од денот на прием на извештајот да ги доставите со писмено образложение и прилог докази до Одделението за внатрешна ревизија при Министерството за здравство заради нивно понатамошно разгледување.

Дополнително во рамките на приложениот Акциски план од Ваша страна треба да бидат соодветно пополнети колоните „Договорени активности" „Одговорно лице" и „Датум на имплементирање" и писмено доставени до Одделението за внатрешна ревизија.



CamScanner

Доколку во дадениот рок не доставите забелешки ќе сметам дека извештајот е прифатен од Ваша страна и ќе Ви биде доставен Конечен извештај.

Со почит,

**Раководител на одделение за внатрешна ревизија**

**М-р Билјана Бабушковска**

CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за здравство
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

21 - 6206 /7
19 - 12 - 2022

До:
Bekim Sali
Министер за здравство

Предмет: Доставување на Претходен извештај

Почитувани,

Согласно член 42 став 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, член 12 и 15 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата, за секоја завршена ревизија се подготвува ревизорски извештај.

Во прилог на овој допис Ви доставувам "Претходен извештај - Ревизија на постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси и прилог Акциски план" за Ваше запознавање.

Претходниот извештај е доставен и до Проектната единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објекти на здравствени установи, која е предмет на ревизија со даден рок од 10 работни дена од прием на истиот да подготват и достават одговор до Одделението за внатрешна ревизија.

Со почит,

**Раководител на одделение за внатрешна ревизија**

**М-р Билјана Бабушковска**



CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 21-6206/8
19-12 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРЕТХОДЕН ИЗВЕШТАЈ

**Ревизија на постапка за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси**

Скопје, Декември 2022 година

CamScanner

# Листа на кратенки

- МЗ – Министерство за здравство
- ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
- ЈЗУ – Јавна здравствена установа
- ЗД – Здравствен Дом
- ЗЈН – Закон за јавни набвки
- ЕСЈН – Електронски сајт за јавни набавки
- БЈН – Биро за јавни набавки
- ЈН – Јавни набавки
- ЕО – Економски Оператор
- РМ – Република Македонија
- РСМ – Република Северна Македонија
- МФ – Министерство за финасии
- ПЕИП - Проектната единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објекти на здравствени установи
- ДЗС – Дирекција за заштита и спасување
- МТВ – Министерство за транспорт и врски

CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки....3
1. Резиме....4
2. Вовед....10
3. Опис на системот....12
4. Наоди....15
5. Препораки....16
6. Акциски план....35

CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

# 1. Резиме

Одделението за внатрешна ревизија при Министерството за здравство изврши ревизија на постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси.

Ревизијата е извршена по Овластување бр.17-6206/1 од 30.09.2022 година, издадено од Министерот за здравство согласно Измена на Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2022 година со арх.бр.21-1232/7 од 28.09.2022 година.

Согласно издаденото Овластување, раководителот на одделението за внатрешна ревизија се овластува да изврши ревизија на постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси.

Ревизијата е спроведена со цел да се утврди дали постапката за спроведување на јавната набавка, вклучително и реализацијата на склучените договори и дополнителни анекси се спроведени согласно позитивните законски прописи, интерни упатства и процедури.

Во рамките на извештајот на Одделението за внатрешна ревизија, презентирани се резултатите од извршената ревизија.

Врз основа на непосредниот увид на документацијата и сумирани резултати од спроведените активности, ревизијата утврди дека од страна на Министерот за здравство се прифатени Основни проекти за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Бутел, амбуланта Лисиче и амбуланта Ѓорче Петров без притоа истите да бидат комплетирани со согласност од Дирекцијата за заштита и спасување на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Наведеното не е во согласност со одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Дополнително од страна на министерот за здравство се донесени Решенија за одобрување на Барања на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Лисиче, Амбуланта Бутел и Амбуланта Ѓорче Петров спортивно на одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и

образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година), тендерската документација и член 2 и член 13 од склучениот Договор за набавка на работи бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. Решенијата се издадени без да се обезбеди согласност на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.

Ревизијата утврди дека по истекот на рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти-амбуланти (рокот истекол на 16.10.2021 година) се пристапува кон комплетирање на документацијата (Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи со добиена согласност на Елаборатот од ДЗС) која првично требала да биде составен дел на претходно прифатените Основни проекти за трите амбуланти (29.07.2021 и 30.07.2021 година) и првично издадените Решенија за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за градба, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Приложен е склучен Анекс на договор за јавна набавка на работи со арх.бр.23-1431/63 од 20.12.2021 година. На ревизијата не и се приложени докази дека се исполнети условите кои се предвидени во член 119 од Закон за ЈН за да се пристапи кон измена на Договорот за ЈН без спроведување на нова постапка за ЈН. Причините за измена на Договорот и нивното образложение Договорниот орган (МЗ) мора соодветно да ги документира согласно одредбите од член 119 од Законот за ЈН. Со Анекс договорот се пристапува кон измена на рокот и динамиката на изведување на работите, вредноста на договорот, се пристапува кон бришење на одредени одредби од основниот договор, а се вметнуваат нови. Од сето погоре наведено се доаѓа до заклучок дека со Анекс Договорот се менуваат условите предвидени во тендерската документација на постапката што не е во согласност со одредбите од член 116 став 2 и 117 став 1 од Законот за ЈН. Имено Договорот за ЈН во согласност со член 116 став 2 од Законот за ЈН се склучува во согласност со условите утврдени во тендерската документација и понудата. Истовремено договорните страни во согласност со член 117 став 1 од законот го извршуваат договорот за јавна набавка во согласност со условите утврдени во тендедската документација и избраната најповолна понуда. Имајќи го во предвид изнесеното во фазата на реализација на договорот не е дозволено менување на условите односно договорните страни се обврзани договорот да го реализараат во

согласност со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

### 1.1. Главни наоди

**Н1:** Решението за одобрување на Барање со број 08-5905/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Лисиче со арх.бр.08-5905/2 од 29.07.2021 година; Решението за одобрување на Барање со број 08-5906/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Бутел со арх.бр.08-5906/2 од 29.07.2021 година; и Решението за одобрување на Барање со број 08-5942/1 од 28.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Ѓорче Петров со арх.бр.08-5942/2 од 30.07.2021 година. Кои се донесени од страна на Министерот за здравство се донесени спортивно на одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година), тендерската документација и член 2 и член 13 од склучениот Договор за набавка на работи бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. Решенијата се издадени без да се обезбеди согласност на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Н2:** На ревизијата и беа приложени: Основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Бутел кој е потпишан од министерот за здравство и е заверен со арх.бр. на МЗ 08-5906/2 од 29.07.2021 година; Основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Ѓорче Петров кој е потпишан од министерот за здравство и е заверен со арх.бр.на МЗ 08-5942/2 од 30.07.2021 година; и Основен Проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Лисиче

CS CamScanner

кој е потпишан од Министерот за здравство и е заверен со арх.бр.на МЗ бр. 08-5905/2 од 29.07.2021 година.

Утврдено е дека цитираните основни проекти се прифатени од страна на МЗ без притоа истите да бидат комплетирани со согласност од Дирекцијата за заштита и спасување на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Наведеното не е во согласност со одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Н3: На ревизијата не и беше дадена на увид Програма за изведување на модуларна градба или група од модуларни градби вклучително и микролокациски услови кои претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на програмата, кои ги издава органот кој ја одобрил програмата. Наведеното не е во согласност со член 33-б од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење како и одредбите од член 73 став 3 и 4 од Законот за градење каде е наведено дека Програмата ја одобрува органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Приложена е Проектна програма за замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје бр.23-1431/23 од 01.07.2021 година која е потпишана од страна на Министерот за здравство.

Н4: Од извршениот увид во Месечните извештаи на надзорниот орган, ревизијата утврди дека надзорот констатирал застој во работа, изминат рок за завршување на амбулантите и други пропусти кои се нотирани подетално во рамките на точка 4 од ревизорскиот извештај што не е во согласност со одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Н5: Ревизијата утврди дека по истекот на рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти-амбуланти (рокот истекол на 16.10.2021 година) се пристапува кон комплетирање на документацијата (Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи со добиена согласност на Елаборатот од ДЗС) која првично требала да биде составен дел на претходно прифатените Основни проекти за трите амбуланти (29.07.2021 и 30.07.2021 година) и првично издадените Решенија за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за градба, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење

вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

**Н6:** Приложен е склучен Анекс на договор за јавна набавка на работи со арх.бр.23-1431/63 од 20.12.2021 година. На ревизијата не и се приложени докази дека се исполнети условите кои се предвидени во член 119 од Закон за ЈН за да се пристапи кон измена на Договорот за ЈН без спроведување на нова постапка за ЈН. Согласно одредбите од член 119 од Законот за ЈН, причините за измена на Договорот и нивното образложение Договорниот орган (МЗ) мора соодветно да ги документира. Со Анекс договорот се пристапува кон измена на рокот и динамиката на изведување на работите, вредноста на договорот, се пристапува кон бришење на одредени одредби од основниот договор, а се вметнуваат нови. Од сето погоре наведено се доаѓа до заклучок дека со Анекс Договорот се менуваат условите предвидени во тендерската документација на постапката што не е во согласност со одредбите од член 116 став 2 и 117 став 1 од Законот за ЈН. Имајќи го во предвид изнесеното во фазата на реализација на договорот не е дозволено менување на условите односно договорните страни се обврзани договорот да го реализараат во согласност со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

## 1.2. Главни препораки

**П1:** При издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење задолжително да се почитуваат одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година).
Дополнително, ревизијата препорачува министерот да задолжи лице/лица кои ќе изработат работна процедура која ќе биде донесена од страна на министерот, а во врска со издавањето на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, во рамките на која детално ќе се разработат одговорностите и документацијата која треба да се приложи пред да се пристапи кон издавање на Решението. Министерот за здравство да назначи лице/лица

CamScanner

или да се предвиди во рамките на Актот за систематизација на МЗ организационен облик кој ќе биде задолжен за процесот на издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење доколку повеќе што лицето кои првично било овластено од Министерот за оваа намена со Овластување бр. бр.17-2005/1 од 01.03.2021 година не е повеќе во работен однос во МЗ.

П2: При реализација на Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година доследно да се почитуваат одредбите од член 2 и член 13 од истиот. Ревизијата препорачува при изработка на техничка спецификација од ваков вид да се ангажираат стручни лица.

П3: Министерот за здравство да иницира до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот (МТВ) изработка на Програма за потребите на здравство согласно одредбите од член 73 став 3 и 4 од Законот за градење и член 33-б од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење.

П4: Доследно почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот и динамиката на изведување на работите како и договорната казна и надомест на штета ако носителот на набавката работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите.

П5: Ревизијата препорачува доследно почитување на одредбите од Законот за градење, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

П6: Доследно почитување на одредбите од член 119 како и одредбите од член 116 став 2 и член 117 став 1 од Законот за јавни набавки.

CamScanner

## 2. Вовед

Ревизијата е извршена по Овластување бр.17-6206/1 од 30.09.2022, издадено од Министерот за здравство согласно член 5 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата (Службен весник на РМ бр.136/2010), Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/09 и 188/13 и 192/15) и Измена на Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2022 година со арх.бр.21-1232/7 од 28.09.2022 година.

Предмет на овој извештај е ревизија на постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, реализација на склучените договори и дополнителни анекси.

Опфатот на ревизијата во поглед на временскиот период кој е предмет на ревизија е периодот од 2021/2022 година.

Ревизијата е спроведена со цел да се утврди дали постапката за спроведување на јавната набавка, вклучително и реализацијата на склучените договори и дополнителни анекси се спроведени согласно позитивните законски прописи, интерни упатства и процедури.

Ревизијата е започната со подготвување на План за ревизија во кој се утврдени сите фази од процесот на ревизијата. Во Планот, ревизијата ги идентификуваше фазите и постапките значајни за процесот на спроведување на ревизијата. Преку тестови на усогласеност утврдена е усогласеноста со законската регулатива и интерните процедури.

Извршено е испитување на документацијата која беше доставена на увид, спроведени се ревизорски постапки за оценка на усогласеноста со законските прописи, интерни акти и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели.

Ревизијата е извршена кај одговорни лица од Министерството за здравство - Проектна единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објекти на здравствени установи.

Ревизијата е спроведена во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/09 и 188/13 и 192/15), Правилникот за повелбата за внатрешна ревизија (Службен весник на РМ бр. 136/2010), Правилникот за Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори (Службен весник на РМ бр. 136/2010),

CamScanner

Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата (Службен весник на РМ бр.136/10).

Законска регулатива:

- Закон за јавна-внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр. 90/2009, 188/2013, 192/2015 година);
- Стандарди на внатрешна контрола во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.147/2010 година);
- Закон за Јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019 година)
- Закон за градење (Службен весник на РМ 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15; 226/15 и 31/16 година);
- Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на Решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е епотребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година);

За ревидираниот период обезбедувањето на услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на постапките за спроведување на јавните набавки и реализација на склучените договори е одговорност на раководството на Министерството за здравство застапувано од:

- Доц. д-р Венко Филипче – Министер за здравство (од 25.12.2017 година до 17.01.2022 година)
- Д-р Беким Сали – Министер за здравство (од 17.01.2022 година –во тек)

Од страна на раководителот на одделението за внатрешна ревизија до раководителот на ПЕИП испратен допис-покана за одржување на Завршен состанок со арх.бр.21-6206/3 од 14.12.2022 година. Раководителот на ПЕИП не се појави на закажаниот термин за одржување на Завршен состанок. Од страна на раководителот на одделението за внатрешна ревизија подготвен е Записник од Завршен состанок со арх.бр.21-6206/4 од 15.12.2022 година во рамките на кој се нотира настанатата состојба.

До раководителот на одделението за внатрешна ревизија и министерот за здравство испратен е допис од страна на раководителот на ПЕИП со арх.бр.23-6206/5 од 15.12.2022 година во рамките на кој од негова страна се констатира дека раководителот на одделението за внатрешна ревизија при спроведување на внатрешната ревизија не ги почитувал одредбите од Законот за внатрешна ревизија во

CamScanner

јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.69/04 и 22/07) како и меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија и Етичкиот кодекс на Институтот на внатрешни ревизори (IIA).

Имајќи го погоре наведеното, раководителот на одделението за внатрешна ревизија напоменува дека цитираниот Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.69/04 и 22/07) е ВОН СИЛА од 2009 година. Повикувајќи се на одредби од законска регулатива која е вон сила раководителот на ПЕИП го доведува читателот на дописот- министерот за здравство во заблуда. Од страна на раководителот на одделението за внатрешна ревизија категорично се отфрлаат паушалните констатации наведени во цитираниот допис и се напоменува дека во текот на спроведување на постапката за внатрешна ревизија до Раководителот на одделението за внатрешна ревизја нема испратено поплаки/жалби за текот на спроведување на внатрешната ревизија.

## 3. Опис на системот

Обврска на раководството на министерството за здравство е да воспостави систем на интерни контроли во процесот на спроведување на јавните набавки и реализација на склучените договори, вклучително и спроведување на јавни набавки во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки. Реализацијата на склучените договори мора да е во согласност со одредбите утврдени во рамките на потпишаниот договор и позитивните законски прописи, вклучително и почитување на член 7 од Законот на јавна внатрешна финансиска контрола и стандард 8, 12 и 13 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

Со ревидирање на системот на интерни контроли во процесот на спроведување на постапките за јавни набавки спроведени од страна на лица вработени во рамките на Проектната единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објекти на здравствени установи, треба да се добие уверување дека при спроведување на постапките е обезбедена фер конкуренција, еднаква и недискриминаторна положба на економските оператори како и транспарентност и јавност на постапките.

CamScanner

Врз основа на утврдените извори на финасирање и потребите од страна на Министерот за здравство донесен е План за јавни набавки за 2021 година со арх.бр.20-903/1 од 29.01.2021 година во рамките на кој е планирано спроведувањето на предметната јавна набавка, објавена со оглас бр.01879/2021 за доделување на договор за јавна набавка на работи за проектирање и изведување на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје.

До Министерството за здравство стигнато е Барање за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЈЗУ ЗД Скопје бр.17-1113/1 од 03.02.2021 година доставено од страна на директорот на ЈЗУ ЗД Скопје. Согласно цитираното барање пристапено е кон подготовка и доставување на Информација до Влада бр.17-1258/1 од 09.02.2021 година за повеќегодишно плаќање на предметната јавна набавка. Согласно Извадок од Нацрт-записник од 44 седница на Влада на РСМ одржана на 9 февруари 2021 година со кој се дава согласност за превземање на обврски од Програма 1А опфатени со сопствени и буџетски средства во 2021 и 2022 година на МЗ во висина од 180.000.000,00 ден без ддв односно 212.400.000,00 ден со ддв со следна динамика за плаќање 2021-118.000.000,00 ден. и 2022-94.400.000,00 денари. Добиено е Мислење од МФ бр.17-1631/1 од 18.02.2021 година со кое се укажува ресорното министерство да ја спроведе набавката само доколку оствари заштеди и во рамки на максимално одобрените износи на расходи за соодветни фискални години.

Министерот за здравство пристапил кон носење на Одлука за отпочнување на постапка за јавна набавка бр.23-1431/1 од 11.02.2021 година. Одлуката е подготвена од страна на специјалистот за јавни набавки – ангажирана во кабинетот на министерот за здравство, а потврдена од страна на координаторот од кабинетот на министерот за здравство. Тендерската документација е изработена од страна на специјалистот за јавни набавки од кабинетот на министерот во координација на комисијата за јавни набавки во состав од координаторот од кабинетот на министерот за здравство како претседател и две лица ангажирани во ПЕИП во својство на членови на комисија за ЈН.

Технички дијалог не е спроведен во предметната јавна набавка.

Постапката е објавена на електронскиот сајт на Бирото за јавни набавки. Одлуката за избор на најповолен понудувач ја донел Министерот за здавство врз основа на предлогот даден од страна на Комисијата за јавни набавки. Потоа е пристапено кон склучување на договор со избраниот ЕО.

По склучување на Договор со избраниот ЕО следи фазата на следење на физичка реализација на предметот на договорот. Преку Координаторот на кабинетот на

министерот за здравство, а врз основа на Одлуката бр. 23-1431/1 од 11.02.2021 година се назначува одговорен инженер за имплементација на постапката задолжен за следење на реализација на конкретниот договор, што во овој случај се овластени 5 (пет) инженери, но при конкретната имплементација на оваа постапка се назначени две одговорни лица за имплементација врз основа на Решение за овластување за потпишување бр.17-4205/1 од 16.06.2022 година.

Имајќи во предвид дека предметната набавка се однасува на изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење и член 33-б од Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, барањето за изведување, односно поставување на модуларни градби или група од модуларни градби, наменети за вршење на здравствена дејност, се поднесува до Министерството за здравство и решението го издава Министерството за здравство.

Следењето на реализацијата на Договорт се одвива на следниов начин: на одговорниот инженер му се доставува копија од склучениот договор/анекс на договори и премер пресметки. Од страна на одговорниот инженер се проверуваат и потврдуваат времените ситуации кои се доставуваат од страна на надзорот на изведбата со цел да се осигура дека истите соодветствуваат со склучениот Договор за градежни работи. Одговорниот инженер е одговорен за следење на физичката реализација на проектот односно изведбата на работите, вклучително и редовна посета на градилиштата и увид во фактичката состојба. Откако сметководствената документација (времени ситуации, фактури од добавувачи) е уредно примена, проверена и потврдена од страна на одговорниот инженер со потпис и одобрена од координаторот од кабинетот на министерот за здравство истата се доставува до финансискиот менаџер кој е задолжен за подготовка на Решенија за обезбедување на средства и налози за исплата како и пропратна документација поврзана со исплатите која пак повторно преку координаторот од кабинетот на министерот за здравство се доставува до Министерот за потпис и се процесира до Секторот за финансиски прашања при МЗ за понатамошно сметководствено евидентирање и проследување до трезорската канцеларија на извршување.

CamScanner

# 4. Наоди

Во следните точки на Извештајот, ревизијата ги презентира наодите кои се произлезени од спроведената ревизија.

Н1: Од извршениот увид во тендерското досие на постапката (хартиено и електронско) утврдено е дека не се приложени Изјави за непостоење на судир на интереси за замениците на членови на комисија за јавни набавки што не е во соглсност со одредбите од член 38 од Законот за јавни набавки.

Н2: Во рамките на Тендерска документација бр.23-1431/2 од 11.02.2021 година и изменета и дополнета тендерска документација бр.20-1431/3 од 26.02.2021 година која е прикачена на ЕСЈН, наведено е дека рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци. Времетраењето на склучениот Договор за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година се регулира со член 4 од договорот и истиот изнесува 24 месеци сметано од денот на склучување на Договорот. Наведеното не е во согласност со Одлуката за отпочнување на постапката бр.23-1431/1 од 11.02.2021 година во рамките на која е предвидено дека ќе се склучи Договор за ЈН со времетраење од 12 месеци, вклучително и извадокот од Нацрт-записникот од 44 седница на Влада на РСМ бр.40-2055/1 од 9.02.2021 година каде е дадена согласност за задолжување и динамика на плаќање за 2021 година и 2022 година.
На ревизијата не и беа дадени на увид нова Информација до Влада и нов заклучок од Влада на РСМ каде се дава согласност за задолжување на МЗ за годините кои следат после 2022 година, доколку повеќе што Договорот кој е склучен е со времетраење од 2 години и истиот важи до 28.05.2023 година.

Н3: Спроведена е Управна контрола на постапката. Известување за вршење на управна контрола со арх.бр.17-543/1 од 20.04.2021 година со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/15 од 22.04.2021 година. Во прилог е и Записник од извршена контрола со арх.бр.17-543/4 од 29.04.2021 год. со приемен штембил на МЗ 23-1431/16 од 10.05.2021 година во рамките на кое се даваат забелешки за одредени пропусти во спроведување на постапката во делот на почитување на одредби од ЗЈН. Дадена е инструкција со која Бирото на ЈН не утврдила неправилности кои можат да влијаат врз исходот на постапката, па отука договорниот орган можел да продолжи со истат согласно одредбите од ЗЈН. Сепак при спроводувањето на идни постапки на ЈН договорниот орган треба да ги има во предвид препораките од точка 9 од овој Записник.

CamScanner

Дополнително ревизијата утврди дека за предметната постапка за ЈН не е спроведен технички дијалог иако Законот за ЈН ја дава таа можност.
Приложена е и жалба од ЕО за тендерската документација во рамките на која се наведуваат битни пропусти во тендерската докумнтација. Жалбата е отфрлена од страна на Државна комисија за јавни набавки поради неуредност, односно ЕО не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката, па поради тоа комисијата не постапила по истата.

**Н4:** Приложено е Известувањето за измена и дополнителни информации во постапката кое е објавено на ЕСЈН на 26.02.2021 година. Од Известувањето не може да се утврди што се менува во тендерската документација, бидејќи не е точно наведено кој текст се менува од тендерската документација вклучително и изменетиот текст доколку повеќе што е дадена таква опција во цитираниот документ.

**Н5:** Приложено е објавено Известување за склучен договор и прилог Договор прикачени на ЕСЈН на 30.08.2021 година. Објавувањето не е во рок од 10 дена од склучување на Договорот кој е склучен на 28.05.2021 година. Наведеното не е во согласност со одредбите од член 70 од Законот за ЈН.

**Н6:** Согласно дадената докумнтација на увид:

- Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрние за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.08-5905/1 од 27.07.2021 година;
- Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрние за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Бутел со приемен штембил на МЗ бр.08-5906/1 од 27.07.2021 година;
- Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Ѓорче Петров со приемен штембил на МЗ бр.08-5942/1 од 28.07.2021 година;
- Решение за одобрување на Барање со број 08-5905/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-

поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Лисиче со арх.бр.08-5905/2 од 29.07.2021 година;

- Решение за одобрување на Барање со број 08-5906/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Бутел со арх.бр.08-5906/2 од 29.07.2021 година;
- Решение за одобрување на Барање со број 08-5942/1 од 28.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Ѓорче Петров со арх.бр.08-5942/2 од 30.07.2021 година;
- Допис одговор на Барање за согласност доставен од Дирекција за заштита и спасување нивни бр.09-1982/2 од 30.07.2021 година и приемен штембил на носителот на набавката бр.03-104/1 од 05.08.2021 година (дописот е препратен до МЗ од страна на носителот на набавката). Согласно наведениот допис надлежната институција упатува на одредбите од член 70 став 2 од Законот за заштита и спасување и напоменува дека издаваат Согласност на поднесен Елаборат за заштита на пожари, експлозии и опасни материи по писмен пат само на Дирекција за технолошко индустриски развојни зони согласно Законот, а на останатите носители единствено преку електронски систем на е-градежна дозвола.
- Овластување издадено од страна на министер за здравство со бр.17-2005/1 од 01.03.2021 година со кое се овластува кабинетски службеник да води постапки и да превзема дејствија кои се однесуваат на работите во министерството за здравство за издавање на Решенија за поставување на Модуларни градби или група од модуларни градби, наменети за вршење на здравствена дејност. Вклучително и се овластува да потпишува документи кои произлегуваат од вршење на работите и работните задачи од описот на работното место наведено во точка 1 од цитираното овластување.

Согласно погоре наведената документација Ревизијата утврди дека:

Решението за одобрување на Барање со број 08-5905/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност

за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Лисиче со арх.бр.08-5905/2 од 29.07.2021 година;

Решението за одобрување на Барање со број 08-5906/1 од 27.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Бутел со арх.бр.08-5906/2 од 29.07.2021 година; и

Решението за одобрување на Барање со број 08-5942/1 од 28.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Ѓорче Петров со арх.бр.08-5942/2 од 30.07.2021 година;

Кои се донесени од страна на Министерот за здравство се донесени спортивно на одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година), тендерската документација и член 2 и член 13 од склучениот Договор за набавка на работи бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. Решенијата се издадени без да се обезбеди согласност на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Н7:** На ревизијата и беа приложени: Основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Бутел кој е потпишан од министерот за здравство и е заверен со арх.бр. на МЗ 08-5906/2 од 29.07.2021 година; Основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Ѓорче Петров кој е потпишан од министерот за здравство и е заверен со арх.бр.на МЗ 08-5942/2 од 30.07.2021 година; и Основен Проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Лисиче кој е потпишан од Министерот за здравство и и е заверен со арх.бр.на МЗ бр. 08-5905/2 од 29.07.2021 година.

Утврдено е дека цитираните основни проекти се прифатени од страна на МЗ без притоа истите да бидат комплетирани со согласност од Дирекцијата за заштита и спасување на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Наведеното не е во согласност со одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Доколку повеќе што во фазата на реализација на предметот на набавката Надзорниот орган ЕОС Е.Е ДОО Скопје со допис бр.23-3316/20 од 27.09.2021 година упатен до МЗ констатира неусогласеност на основниот проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Ѓорче Петров помеѓу

CamScanner

основниот проект ФАЗА Архитектура и Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи кои неусогласувања надзорот детално ги нотира во дописот.
Вклучително и Допис со приемен штембил на МЗ бр.23-3316/21 од 27.09.2021 година со кој надзорот го известува МЗ дека техничката документација не нуди ниту минимум стандарди за противпожарна заштита и бара насоки од МЗ за понатамошна реализација на Замената на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје –Амбуланти Ѓорче Петров, Лисиче и Бутел.

Н8: Ревизијата утврди дека Основниот проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Лисиче е архивиран со ист архивски број и датум како и Решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење за ЗД Скопје – амбуланта Лисиче кои се заверени со арх.бр.08-5905/2 од 29.07.2021 година; Основниот проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Бутел е архивиран со ист архивски број и датум како и Решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење за ЗД Скопје –амбуланта Бутел кои се заверени со арх.бр.08-5906/2 од 29.07.2021 година; вклучително и Основниот проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Ѓорче Петров е архивиран со ист архивски број и датум како и Решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење за ЗД Скопје–амбуланта Ѓорче Петров кои се заверени со арх.бр.08-5942/2 од 30.07.2021 година.

Н9: На ревизијата не и беше дадена на увид Програма за изведување на модуларна градба или група од модуларни градби вклучително и микролокациски услови кои претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на програмата, кои ги издава органот кој ја одобрил програмата. Наведеното не е во согласност со член 33-б од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење како и одрдбите од член 73 став 3 и 4 од Законот за градење каде е наведено дека Програмата ја одобрува органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.
Приложена е Проектна програма за замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје бр.23-1431/23 од 01.07.2021 година која е потпишана од страна на Министерот за здравство.

Н10: Приложен е допис-Барање за измени и подобрување на Договор со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/34 од 17.09.2021 година со кој носителот на набавката бара да

се измени основниот договор во насока на менување и подобрување на минималните технички барања за сите типови на градби предвидени во член 2 од Договорот на начин што би се измениле минималните технички барања со цел зголемување на севкупната безбедност на објектите повеќе од моментално предвиденото во Договорот, а далеку над безбедноста на старите објекти кои се отстрануваат. На ревизијата не и беше приложен одговор од одговорните лица во МЗ по однос на цитираниот допис доколку повеќе што од страна на министерот за здравство се прифатени Основните проекти за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Лисиче, Бутел и Ѓорче Петров на крајот на месец Јули 2021 година.
Дополнително Приложен е Допис бр.23-1431/35 од 28.09.2021 година со кој носителот на набавката го известува МЗ дека треба да се почека со достава на испорака на проектна документација додека не се изработат нови Елаборати за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Приложена на маил комуникација од 7.10.2021 година во која надзорниот орган алармира за реализацијата и интензитетот на активностите на градилиштата. Потребно е итно да се интензивираат работите со цел да се запази предвидениот рок. Исто така се нагласува и дека не е доставен новонарачаниот Елаборат за заштита од пожари и експлозии и опасни материи за кој изведувачот го известил надзорниот орган на 28.09.2021 година.
Наведеното не е во согласност со одредбите од склучениот Договор за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

**Н11:** Согласно приложениот Дописи-Ревидиран Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и техничко решение за подобрување на ПП безбедноста на амбуланта Бутел со арх.бр.23-1431/36 од 15.10.2021 година; Ревидиран Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и техничко решение за подобрување на ПП безбедноста на анбуланта Ѓорче Петров со арх.бр.23-1431/40 од 15.10.2021 година; и Ревидиран Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и Техничко решение за подобрување на ПП безбедност на амбуланта Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/41 од 15.10.2021 година носителот на набавката известува дека истиот ќе биде поднесен на одобрување до Дирекција за заштита и спасување, но поради претходно одбивање од нивна страна да дадат мислење на Елаборатот, бидејќи истиот не се одвива преку системот за е-градежни дозволи бараат од МЗ да се обрати до Дирекцијата за добивање на мислење по однос на Елаборатот. Вклучително наведено е во дописот и дека финансиските импликации на новото подобрено Техничко решение нема да ја надминат предвидената вредност од член 15 од Договорот. Дополнително приложен е и допис кој е испратен до Дирекција за заштита и спасување со бр. на носителот на набавката 03-173 од 18.10.2021 година со кој се бара мислење по однос на Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. На ревизијата не и беше приложен писмен одговор од МЗ по однос на примените дописи.

CamScanner

Наведеното не е во согласност со одредбите од член 13 од Договорот за набавка на работи со обврските на носителот на набавката, вклучително и одредбите од член 2 од цитираниот Договор во рамките на кој се дефинира предметот на договорот.

**Н12:** Приложени се дописи од Надзорниот орган ЕОС Е.Е Скопје со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/37 од 15.10.2021 година; бр.23-1431/38 од 15.10.2021 година и бр.23-1431/39 од 15.10.2021 година со кој се известува МЗ за поднесените барања од носителот на набавкат за продолжување на рокот за изведување на работите на амбулантите Бутел, Ѓорче Петров и Лисиче. Надзорот нагласува дека го известил писмено МЗ за стручното мислење за предметниот проблем и неусогласеноста помеѓу Основниот проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланти Горче Петров, Лисиче и Бутел со Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Горенаведените причини произлегуваат од тековното работење и објективно влијаат на рокот за завршување на работите кои истекуваат на 16.10.2021 година. Ревизијата напоменува дека погоре наведеното не е во согласност со одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот на изведување на работите.

**Н13:** Приложен допис од Министерство за здравство со арх.бр.23-1431/44 од 21.10.2021 година кој се доставува до надзорниот орган ЕОС.Е.Е.ДОО Скопје со кој се бара надзорот да се произнесе по однос на доставени нови Елаборати за заштита од пожар, експлозии и опасни материи за трите амбуланти. Исто така приложен е и Допис-Барање за дополнување на техничка документација бр.21-1431/45 од 21.10.2021 година кој се доставува до носителот на набавката Енерџи Меинтенес Солушнс ЕМС ДОО Скопје. Согласно дописот се бара да се достави Предмер-пресметка со количини и проектантски цени за сите позиции кои произлегуваат од новите Елаборати за заштита од пожар, експлозии и опасни материи за амбулантите Бутел, Ѓорче Петров и Лисиче и предмер пресметката да биде изработена согласно Основниот проект како и истата да содржи евентуални кусоци, вишоци и непредвидени дополнителни работи прикажани во соодветен рекапитулар. Исто така се бара носителот на набавката да достави согласност од Дирекција за заштита и спасување (ДЗС) по однос на Елаборатот за заштита од пожар, експлозии и опасни материи за секоја од амбулантите.
Добиен одговор од носителот на набавката по однос на претходно цитираниот допис од МЗ. Дописот е со арх.бр.23-1431/46 од 22.10.2021 година со кој се известува МЗ дека цените од Договорот бр.23-1431/17 од 28.05.2021 биле за исполнување на минималните технички барања од Договорот. Се напоменува во дописот дека вкупната вреност на измените не ја надминуваат вредноста од член 15 од Договорот.
Приложен Допис бр.23-1431/49 од 04.11.2021 година со кој МЗ препраќа до носителот на набавката одговор на надзорниот орган по однос на претходно доставена техничка

CamScanner

документција за нивно понатамошно постапување. Надзорот со допис бр.23-1431/48 од 29.10.2021 констатира неусогласености помеѓу Основен проект архитектура и Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Согласно горенаведеното ревизијата утврди дека согласно тендерската документација во делот на техничката спецификација се наведени минимални барања кои треба да се исполнат, но исто така е наведено и дека треба да се почитуваат одредбите од Законот за градење и изработката на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење и Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење во рамките на кое меѓудругото во член 33-б е наведено дека треба да се изработи и приложи Елаборат од заштита на пожари, експлозии и опасни материи и Согласност на елаборатот од заштита на пожари, експлозии и опасни материи од Дирекција за заштита и спасување. Исто така во рамките на член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година е наведен предметот на набавката и законската регулатива која треба да ја почитува носителот на набавката со цел изведување на предметот на набавката по „моделот клуч на рака“ како и обврските на носителот на набавката.

Н14: Приложен **Месечен извештај бр.1** за периодот 16.08.2021 – 16.09.2021 година од Надзорниот орган ЕОС Е.Е ДОО Скопје со арх.бр.05-220/22 од 24.09.2021 година и проемен штембил од МЗ бр.23-3316/18 од 27.09.2021 година. Дадени забелешки за изведувањето на работите. Наложено е на изведувачот да го почитува договорот и одредбите од законот за градба, законот за БЗР како и правилникот за мобилни градилишта од БЗР. Наведено е и дека генерално на сите објекти со доцни со приклучок на градежна струја и вода. Дополнително на ревизијата и беше приложен Допис-Информација и барање во врска со амбуланта Ѓорче Петров кој од странана на надзорниот орган ЕОС Е.Е е доставен до МЗ со приемен штембил бр.23-3316/19 од 27.09.2021 година во рамките на кој се известува дека главен услов за започнување со монтажа е достава на сертификати за панелите кои треба да бидат во согласност со Основниот проект и Елаборатот за ППЗ. Сертификатите за модуларната амбуланта Горче Петров до 23.09.2021 година не се доставени до надзорот.
Приложен **Месечен извештај бр.2** за периодот 16.09.2021 до 16.10.2021 година кој нема приемен штембил на МЗ. Заверено е пропратното писмо со приемен штембил на МЗ бр.23-3316/22 од 27.10.2021 година. Дадени забелешки за изведувањето на работите и констатирано дека е изминат рокот за завршување на амбулантите (16.10.2021 година). Исто така се констатира и дека се работи со намален интензитет на позициите предвидени со основната техничка документација.

CamScanner

Приложен **Месечен извештај бр.3** за периодот 16.10.2021 - 16.11.2021 година кој нема приемен штембил на МЗ. Заверено е пропратното писмо со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/50 од 22.11.2021 година. Констатиран застој во изведување на работите поради измена на техничката документација и усогласеноста со ППЗ Елаборатот. Забелешки во изведбата на работите. Дополнително Надзорниот орган до 16.11.2021 година нема добиено корагирана документација од страна на инвеститорот.
Наведеното во Месечните извештаи во поглед на застојот во работа, изминат рок за завршување на амбулантите и сл.не е во согласност со одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

Н15: На ревизијата и беа приложени: Дополнување на основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Лисиче кој е потпишан од страна на министерот за здравство и е заверен со арх.бр. на МЗ 08-5905/3 од 10.12.2021 година; Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект амбуланта Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.08-5905/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од страна на министерот за здравство; Извештај од извршена стручна ревизија на техничка документација-Дополнување на основен проект за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје амбуланта Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.08-5905/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од страна на министерот за здравство; Дополнување на основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Бутел кој е потпишан од страна на министерот за здравство и е заверен со арх.бр. на МЗ 08-5906/3 од 10.12.2021 година; Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект амбуланта „Бутел" со приемен штембил на МЗ бр.08-5906/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од Министерот за здравство; Извештај од извршена стручна ревизија на техничка документација Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект амбуланта „Бутел" Извештај од извршена стручна ревизија на техничка документација-Дополнување на основен проект за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје амбуланта Бутел со приемен штембил на МЗ бр.08-5906/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од страна на министерот за здравство; и Дополнување на основен проект за замена на времени објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-амбуланта Ѓорче Петров кој е потпишан од страна на министерот за здравство и е заверен со арх.бр. на МЗ 08-5942/3 од 10.12.2021 година; Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект амбуланта „Ѓорче Петров" со приемен штембил на МЗ бр.08-5942/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од Министерот за здравство. Извештај од извршена стручна ревизија на техничка документација Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект амбуланта „Ѓорче Петров". Извештај од извршена стручна ревизија на техничка документација-Дополнување на

CamScanner

основен проект за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје амбуланта Ѓорче Петров со приемен штембил на МЗ бр.08-5942/3 од 10.12.2021 година кој е потпишан од страна на министерот за здравство.

Допопнително дадени се на увид и Барање за измена на Решение за изведување на група модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност и достава на проектна документација врз основа допис бр.05-220/23 од 27.09.2021 година со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/50 од 23.11.2021 година.

Три дописи од МЗ упатени до ДЗС за барање за увид во основниот проект и издавање на согласност на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за Амбуланта Горче Петров бр.23-1431/54 од 29.11.2021; за амбуланта Лисиче бр.23-1431/55 од 29.11.2021 година и амбуланта Бутел бр.23-1431/56 од 29.11.2021 година.

Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрние за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Ѓорче Петров со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/51 од 29.11.2021 година.; Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрние за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/52 од 29.11.2021 година.;

Барање за издавање на Решение за изведување на група модуларни градби за вршење на здравствена дејност односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрени за градба поднесено од страна на ЗД Скопје за амбуланта во Бутел со приемен штембил на МЗ бр.23-1431/53 од 29.11.2021 година.;

Допис од ДЗС бр.23-1431/58 од 09.12.2021 година со кое се дава согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар во Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, за објект-модуларни градби „Замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје-Амбуланта Лисиче" во Скопје за инвеститор Министерство за здравство на РСМ.

Допис од ДЗС бр.23-1431/59 од 09.12.2021 година со кој се дава согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар во Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, за објект-модуларни градби „Замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје-Амбуланта Ѓорче Петров" во Скопје за инвеститор Министерство за здравство на РСМ.

Допис од ДЗС бр.23-1431/60 од 09.12.2021 година со кој се дава согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар во Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, за објект-модуларни градби „Замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје- Амбуланта Бутел" во Скопје за инвеститор Министерство за здравство на РСМ.

CamScanner

Пристапено кон измена на Решение бр.08-5906/2 од 29.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Бутел со арх.бр.на измената на решението бр.08-5906/3 од 10.12.2021 година. Измената е настаната како резултат на дополна на Основен проект, нов елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласност на Елаборатот од ДЗС и позитивни ревизии од стручна ревизија на техничка докуметација Основен проект и стручна ревизија на техничка докуметнација Елаборат за заштита од пожар, експлозија и опасни материи.

Пристапено кон измена на Решение бр.08-5905/2 од 29.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Лисиче со арх.бр.на измената на решението бр.08-5905/3 од 10.12.2021 година. Измената е настаната како резултат на дополна на Основен проект, нов елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласност на Елаборатот од ДЗС и позитивни ревизии од стручна ревизија на техничка докуметација Основен проект и стручна ревизија на техничка докуметнација Елаборат за заштита од пожар, експлозија и опасни материи.

Пристапено кон измена на Решение бр.08-5942/2 од 30.07.2021 година на ЈЗУ ЗД Скопје за изведување на модуларни градби наменети за вршење на здравствена дејност за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје-Амбуланта Ѓорче Петров со арх.бр.на измената на решението бр.08-5942/3 од 10.12.2021 година. Измената е настаната како резултат на дополна на Основен проект, нов елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласност на Елаборатот од ДЗС и позитивни ревизии од стручна ревизија на техничка докуметација Основен проект и стручна ревизија на техничка докуметнација Елаборат за заштита од пожар, експлозија и опасни материи.

Ревизијата утврди дека по истекот на рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти-амбуланти (рокот истекол на 16.10.2021 година) се пристапува кон комплетирање на документацијата (Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи со добиена согласност на Елаборатот од ДЗС) која првично требала да биде составен дел на претходно прифатените Основни проекти за трите амбуланти (29.07.2021 и 30.07.2021 година) и првично издадените Решенија за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за градба, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење

CamScanner

вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

**Н16:** Склучен Анекс на договор за јавна набавка на работи со арх.бр.23-1431/63 од 20.12.2021 година. Со анексот се додава нов став во рамките на член 2 од Основниот договор. Притоа не може да се утврди што точно дополнително се менува од претходно договореното со основниот Договор.
Вредноста е зголемена за приближно 15,6% од Основниот Договор и истата изнесува 206.751.874,45 ден без ддв, односно 243.967.211,85 ден со ддв.
Изменет е член 3 од Основниот Договор, односно во табеларниот преглед е додадена нова колона со назив „Цена за дополнителни/непредвидени работи". Согласно член 15 од Основниот договор е наведено дека измена на основниот договор може да настапи доколку се појават работи кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни. Со приложениот Анекс на договор не може да се утврди дали овие „дополнителни/непредвидени работи" се дополнителни работи на веќе дефинирани ставки во Основниот Договор или само непредвидени работи кои не се предвидени со Основниот Договор или пак станува збор за двете работи истовремено како и дали истите се настанати како резултат на непредвидени околности и кои се тие непредвидени околности.
Исто така не е приложено образложение кои се тие дополнителни работи кои не можеле да се предвидат со основниот Договор односно тендерската постапка која претходи на склучување на договорот доколку повеќе што станува збор за набавка по моделот „клуч на рака" и носителот на набавката изработува Основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градба.
Согласно Став 2 од членот 20 од Основниот договор утврдено е дека носителот на набавката е должен во објектот да вградува материјали и опрема според одобрената проектна документација и техничките прописи и стандарди за овој тип објекти. Согласно став 7 од истиот член, ако носителот на набавката не ги изведува работите согласно договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди како и според резултатите од сопственото испитување и правила на струката договорниот орган (МЗ) имал право да побара запирање на работите и да бара промени на материјалите и опрема со соодветен квалитет. Ако е доведена сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседни објекти МЗ има право да бара Носителот на набавката да ги урне изведените работи и работите да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен. Согласно став 8 од истиот член, ако носителот на набавката не постапи по основните барања на надзорниот орган и МЗ и не ги отстрани недостатоците, МЗ има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

CamScanner

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shëndetësisë**

Дополнително во рамките на член 3 и член 11 од Основниот договор е наведено дека цените дадени во понудата од страна на изведувачот се фиксни и непроменети, а со Анекс договорот се зголемува вредноста на договорот.

Со склучениот Анекс на Договор се менува и рокот и динамиката на извршување на Договорот. Рокот од 24 месеци за зголемува на 32 месеци. Исто така се додава и нов став со кој се овозможува продолжување на рокот и за иден период. Не е приложен заклучок од Влада на РСМ каде се дава согласност за задолжување на МЗ за години кои следат после 2022 година, бидејќи Владата на РСМ дала согласност за задолжување за конкретниот предмет на набавка заклучно со 2022 година.

Покрај промена на рокот на важност на Договорот се менува и динамиката на извршување на договорот. Членот 5 од Основниот Договор се менува и со Анексот на Договорот се предвидува Носителот на набавката да може да користи до 3 месеци на изработка на Основните проекти, нешто што не беше дефинирано со Основниот договор.

Дополнително рокот за поставување на секој објект поединечно од 2 месеци утврдени со Основниот Договор се зголемува на 3 месеци со Анекс на Договорот. Во Анекс на Договорот е додаден и нов услов за рокот за поставување на најмалку 2 објекти истовремено кој започнува да тече 3 месеци по добивање од страна на Договорниот орган на: „Воведувањето во работата од надзорниот орган и решение за приклучоци за електрична енергија и водоводна мрежа„ нешто што не беше предвидено со Основниот Договор.

Со Анекс на Договорот се врши измена во членот 13 став 1 алинеа 1 со кој се бришат зборовите „на кој е добиена согласност од Дирекцијата на заштита и спасување". Ова значи дека носителот на набавката не треба да добие согласност од Дирекцијата за заштита и спасување за елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материјали кој е обврзан да го достави до Договрниот орган, што не е во согласност со тендерската постапка и позитивните законски прописи.

Обврската за обезбедување на согласност од Дирекцијата на заштита и спасување на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно член 4 од Анекс договорот во рамките на кој член се врши промена на член 5 од основниот Договор е обврска на Договорниот орган.

Во дадената документација на увид нема приложено докази дека се исполнети условите кои се предвидени во член 119 од Закон за ЈН за да се пристапи кон измена на Договорот за ЈН без спроведување на нова постапка за ЈН. Причините за измена на Договорот и нивното образложение Договорниот орган (МЗ) мора соодветно да ги документира согласно одредбите од член 119 од Законот за ЈН.

Од сето погоре наведено се доаѓа до заклучок дека со Анекс Договорот се менуваат условите предвидени во тендерската документација на постапката што не е во согласност со одредбите од член 116 став 2 и 117 став 1 од Законот за ЈН. Имено Договорот

CamScanner

за ЈН во согласност со член 116 став 2 од Законот за ЈН се склучува во согласност со условите утврдени во тендерската документација и понудата. Истовремено договорните страни во согласност со член 117 став 1 од законот го извршуваат договорот за јавна набавка во согласност со условите утврдени во тендедската документација и избраната најповолна понуда. Имајќи го во предвид изнесеното во фазата на реализација на договорот не е дозволено менување на условите односно договорните страни се обврзани договорот да го реализараат во согласност со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Н17:** На ЕСЈН не се прикачени известување за измена на договор и потпишаниот Анекс на Договор. Наведеното не е во согласност со точка 6.6.11 од тендерската документација на спроведената ЈН и одредбите од членот 72, а во врска со член 119 од Законот за јавни набавки.

**Н18:** Приложен **Месечен извештај бр.4** за периодот 16.11.2021 - 16.01.2022 година кој нема приемен штембил на МЗ. Заверено е пропратното писмо со приемен штембил на МЗ бр.23-895/1 од 26.01.2022 година. Дадена забелешка дека активностите на амбулантата во Лисиче престанале на 21.11.2021 година и до добивањето на новата техничка документација од страна на инвеститорот (МЗ) изведувачот не вршел никакви активности. Повторно е отпочнато со работа на 27.12.2021 година. Застој во работите е констатиран и на Амбулантите во Ѓорче Петров и Бутел како резултат на изготвувањето на новата техничка документација. Надзорниот орган од Инвеститорот на 15.12.2021 година во хартиена форма добил техничка документација за Основен проект дополна на ОП за замена на врмените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност. Поради 1 месец мирување на градежните активности кој е евидентиран во Градежниот Дневник од страна на Главниот Надзор за секој објект за периодот од 16.11.2021 година до 16.12.2021 година не бил доставен месечен извештај. Дадено е и стручно мислење од надзорниот орган по однос на новата проектна и техничка документација на 16.12.2021 година по новиот елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект Амбуланта Ѓорче Петров бр.11-01/77-5 од 22.11.2021 година кое содржи забелешки.

Даден е заклучок по однос на доставената документација до надзорот на 16.12.2021 година заверен под арх.бр.08-5942/3 од 10.12.2021 година во рамките на кој се наведува дека нема нова проектна програма за дополна на основен архитектонски проект за измени во тек на градба; има предмер-пресметка во која недостасуваат единечни цени и рекапитулар, особено за новопроектираните позиции кои подлажат на закон за ЈН и нивната оправданост мора да биде прецизирана; има несекојдневно техничко решение на облога на префабрикувани модуларни елементи во вид на гипс-картонски кутии со непрецизирани архитектонски детали; голем знак на прашање е како по неа ќе се

CamScanner

изведува објектот. Бидејќи целокупната документација има позитивна ревизија и институционална согласност крајниот збор за сите нејаснотии, недоречености и инструкции како да се изведува ќе биде решено во непосредна корелации помеѓу изведувачот, надзорот, проектантот и инвеститорот.

Приложен Допис од надзорен орган со приемне штембил на МЗ бр.23-895/5 од 11.03.2022 година со кој се дава позитивно мислење на корегираните динамички планови од изведувачот, но се пројавува сомнеж дека изведувачот ќе биде во можност да го запази рокот кој што сам го наведува во корегираните динамички планови.

Приложен **Месечен извештај бр.6** за периодот од 16.02.2022 до 16.03.2022 година со приемен штембил на пропратното писмо бр.23-895/8 од 21.03.2022 година. Надзорот во рамките на месечниот извештај дава конкретни забелешки за изведување на трите амбуланти. Евидентирано е и дека работите предвидени со динамичкиот план не одат согласно планираните рокови. Во текот на изведување на работите извршени се промени во простории за кои потребна е измената да се потврди со техничка документација. Надзорот потенцира дека потребно е истата да е технички издржана и да не го нарушува концептот на Основниот проект и законската регулатива. Надзорот смета дека одобрувањето на споменатата измена треба да се побара од Проектантот и ревидентот, а не од надзорот како што е посочено во предметниот записник. Во однос на рокот за реализација наведено е дека треба да се интензивираат активностите на сите три амбуланти. Потребна е и итна интервенција од страна на Инвеститорот во врска со приклучувањето на предметните амбуланти на градска електрична и водоводна инфраструктура со цел тстирање на вградените инсталиции и ставање на објектот во функција.

Приложен **Месечен извештај број 5** за периодот од 16.01.2022 до 16.02.2022 година со приемен штембил на пропратно писмо бр. 20-1646/1 од 18.02.2022, а потоа заверен под бр.23-895/12 од 05.04.2022 година. Надзорот констатирал незадоволителна динамика на изведување на работите која делумно се однесува и на лошите временски услови како и други недостатоци. Период од речиси 1 месец бил без гдадежни активности поради што за периодот од 16.11.2021 до 16.12.2021 год. не е доставен месечен извештај. Дадена забелешка од надзорот по однос на доставена нова проектна и техничка документација на датум 16.12.2021 и нов Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за објект Ѓорче Петров е дека инвеститорот нема нова проектна програма, а мора да има. Инвеститорот како нарачател бара дополна и затоа треба да се направи дополна на основен проект за измени во тек на градба. Во проектот за дополнување на основен проект се приложува нова проектна програма, а не таа од основен проект. Новата проектна програма треба да е заверена со архивски број пред датумот на изработка на проектот за дополнување на основниот проект. Предмер пресметката доставена во новата преоктна документација е без единечни цени. Во новата техничка документација набројани се насоки и податоци како добиени подлоги за проектирање-

CamScanner

изработка на документацијата за дополна на основен проект за измени во тек на градба, но никаде нема барање или оверка-потпис на инвеститор.

**Н19:** На ревизијата и беа дадени на увид Допис од Надзорен орган првично заверен со арх.бр.20-1646/2 од 25.02.2022 година за потоа де биде ставена друга заверка со арх.бр.23-895/13 од 08.04.2022 година. Дописот е во врска до дадени забелешки за спроведени измени. Исто така приложен е и Месечен извештај број 5 за периодот од 16.01.2022 до 16.02.2022 година со приемен штембил на пропратно писмо бр. 20-1646/1 од 18.02.2022, а потоа заверен под бр.23-895/12 од 05.04.2022 година. На ревизијата не и беше дадено образложение зошто 2 месеци се доцни со приемот на документацијата во проектна единица. Вакви пропусти водат кон можни проблеми и отежнатост во следење на реализација на договорот.

**Н20:** Приложен допис бр.23-895/23 од 02.06.2022 година кој е испратен до надзорот ЕОС Е.Е ДОО Скопје во врска со известување за враќање на Ситуации, Градежни книги и Завршни Извештаи за Амбуланта Ѓорче Петров, Амбуланта Лисиче и Амбуланта Бутел. Констатирано е дека документацијата- Завршен Извештај за амбулантите не се изработени во согласност со Правилникот за вршење на технички преглед. Дописот е потпишан од страна на министерот за здравство. Во прилог се враќаат следните фактури: Фактура бр.22-365-000003 од 13.05.2022 година на износ од 22.941.012 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/375 од 16.05.2022 година;
Фактура бр.22-365-000005 од 13.05.2022 година на износ од 26.260.255 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/376 од 16.05.2022 година; Фактура бр.22-365-000004 од 13.05.2022 година на износ од 22.779.302 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/377 од 16.05.2022 година;
Исто така приложен е и Допис-Известување за враќање на Фактури и Завршни Ситуации за Амбуланта Бутел, Амбуланта Ѓорче Петров и Амбуланта Лисиче со приемен штембил на МЗ бр.23-895/24 од 02.06.2022 година со прилог: Фактура бр.22-365-000003 од 13.05.2022 година на износ од 22.941.012 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/375 од 16.05.2022 година;
Фактура бр.22-365-000005 од 13.05.2022 година на износ од 26.260.255 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/376 од 16.05.2022 година; Фактура бр.22-365-000004 од 13.05.2022 година на износ од 22.779.302 ден.со приемен штембил на МЗ бр.05-2/377 од 16.05.2022 година.
Известување од МЗ со арх.бр.23-895/32 од 24.06.2022 година до носителот на набавката, а во врска со Поканата за примопредавање на Амбулантите со кое се наведува дека не може да се изврши технички прием, бидејќи Надзорниот орган нема доставено Извештај од Технички прием во кој е констатирано дека објектот може да се стави во

CamScanner

употреба. Потребно е да се извршат инфраструктурни приклучоци на објектите на водоводна мрежа и електродистрибутивна мрежа.
Допис од МЗ до надзорен орган со арх.бр.23-895/33 од 24.06.2022 година со кој се известува надзорот дека од страна на МЗ е побарано од надлежните институции и јавни претпријатија барања за приклучок и соодветни уплати кои се направени по тој основ.
Допис до носител на набавка со арх.бр.23-895/35 од 24.06.2022 година со кој МЗ известува дека се додека не се добие позитивен извештај од извршен технички преглед од страна на надзорниот орган објектите не можат да се стават во употреба и поради тоа не можат да се реализараат побарувањата. Исто така испратен е повторен допис до носителот на набавката бр.23-895/45 од 19.07.2022 година со кој МЗ известува дека не се исполнети условите за да се постапи по Барањето поради тоа што надзорниот орган нема доставено позитивен Извештај од извршен технички преглед.

## 5. Препораки

П1: Одговорните лица при споведување на постапките за јавни набавки да ги почитуваат одредбите од член 38 од Законот за јавни набавки.

П2: Задолжително усогласување на рокот на важност на договорот предвиден во рамките на тендерската документација за постапката за јавна набавка и склучениот Договор со рокот на важност на договорот кој е предвиден во рамките на Одлуката за отпочнување на постапкат и Заклучокот од Влада на РСМ.

П3: Ревизијата препорачува при спроведување на Јавни набавки од ваков или сличен тип во иднина да се разгледа можноста за спроведување на Технички дијалог со цел да се избегнат/намалат потенцијалните жалби од ЕО на содржината на тендерската документација. Вклучително при спровдувањето на идни постапки на ЈН договорниот орган да ги има во предвид и препораките од точка 9 кои се содржани во рамките на Записникот од извршената контрола од БЈН со арх.бр.17-543/4 од 29.04.2021 год. со приемен штембил на МЗ 23-1431/16 од 10.05.2021 година.

П4: При измени во тендерската докумнтација во периодот на траење на постапката задолжително точно да се наведе текстот што се менува од тендерската документација

CamScanner

и изменетиот текст во рамките на документот „Известување за измена и дополнителни информации во постапката".

**П5:** Договорниот орган задолжително да го објавува известувањето за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот.

**П6**: Задолжително почитување на одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година), при издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење.
Дополнително, ревизијата препорачува министерот да задолжи лице/лица кои ќе изработат работна процедура која ќе биде донесена од страна на министерот, а во врска со издавањето на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, во рамките на која детално ќе се разработат одговорностите и документацијата која треба да се приложи пред да се пристапи кон издавање на Решението. Министерот за здравство да назначи лице/лица или да да се предвиди во рамките на Актот за систематизација на МЗ организационен облик кој ќе биде задолжен за процесот на издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење доколку повеќе што лицето кои првично било овластено од Министерот за оваа намена со Овластување бр. бр.17-2005/1 од 01.03.2021 година не е повеќе во работен однос во МЗ.

**П7:** При реализација на Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година доследно да се почитуваат одредбите од член 2 и член 13 од истиот. Ревизијата препорачува при изработка на техничка спецификација од ваков вид да се ангажираат стручни лица.

**П8:** Одговорните лица при заведувањето на архивските броеви на документацијата да се придружуваат до одредбите на Уредбата за канцелариско и архивско работење, односно да не се архивираат два различни документи со ист архивски број.

**П9:** Министерот за здравство да иницира до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот (МТВ) изработка на Програма за потрбите на здравство согласно одредбите од член 73 став 3 и 4 од Законот за градење и член 33-б од Правилникот за формата и содржината на барањето,

CamScanner

потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење.

П10: Доследно почитување на одредбите од член 2, 5 и 13 од склучениот Договор за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

П11: Доследно почитување на одредбите од член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој се дефинира кои се обврските на носителот на набавката, вклучително и одредбите од член 2 од цитираниот Договор во рамките на кој се дефинира предметот на договорот.

П12: Доследено почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот на изведување на работите.

П13: Почитување на одредбите на член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.
Ревизијата препорачува при изработка на тендерската документација за ваков тип на објекти во делот на техничката спецификација наведените минимални барања кои треба да се исполнат од страна на ЕО да се усогласат со минималните барања на законската регулатива од доменот на градба односно почитување на одредбите од Законот за градење, Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, Упатство за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи итн. како и изработката на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење, Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење.

П14: Доследно почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот и динамиката на изведување на работите како и договорната казна и надомест на штета ако носителот на набавката работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите.

П15: Ревизијата препорачува доследно почитување на одредбите од Законот за градење, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за

CamScanner

формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година.

**П16:** Доследно почитување на одредбите од член 119 како и одредбите од член 116 став 2 и 117 став 1 од Закон за ЈН.

**П17:** Почитување на одредбите од член 72, а во врска со член 119 од Законот за јавни набавки, односно во случај на измена на Договорот во периодот на негова важност задолжително да се прикачи на ЕСЈН известување за измена на договор и потпишан Анекс на Договор.

**П18:** Доследно почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува предметот, рокот и динамиката на изведување на работите како и договорната казна и надомест на штета ако носителот на набавката работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите.

**П19:** Министерот за здравство да назначи лица за изработка на интерна процедура за текот на движење на документацијата (влезна и излезна) во рамките на министерството за здравство вклучително и ЕИП во рамките на која меѓудругото ќе се наведе и рок за враќање на документацијата во архивата на МЗ доколку таа е погрешно заведена и распоредена.

**П20:** Договорниот орган при спроведување на постапката за ЈН реално да го димензионира рокот на изведување на работите кои се предмет на набавка.

**Подготвил:**
**м-р Билјана Бабушковска**

CamScanner

## 6. Акциски план

| Р. Бр. | Препорака | Приоритет | Договорени активности | Одговорно лице | Датум на имплементирање |
|---|---|---|---|---|---|
| П1 | Одговорните лица при споведување на постапките за јавни набавки да ги почитуваат одредбите од член 38 од Законот за јавни набавки. | Висок | | | |
| П2: | Задолжително усогласување на рокот на важност на договорот предвиден во рамките на тендерската документација за постапката за јавна набавка и склучениот Договор со рокот на важност на договорот кој е предвиден во рамките на Одлуката за | Висок | | | |



CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | отпочнување на постапкат и Заклучокот од Влада на РСМ. | | | | |
| **П3:** | Ревизијата препорачува при спроведување на Јавни набавки од ваков или сличен тип во иднина да се разгледа можноста за спроведување на Технички дијалог со цел да се избегнат/намалат потенцијалните жалби од ЕО на содржината на тендерската документација. Вклучително при спровдувањето на идни постапки на ЈН договорниот орган да ги има во предвид и препораките од точка 9 кои се содржани во рамките на Записникот од извршената контрола од БЈН со арх.бр.17-543/4 од 29.04.2021 год. со приемен штембил на МЗ 23-1431/16 од 10.05.2021 година. | Висок | | | |
| **П4:** | При измени во тендерската документација во периодот на траење на постапката | Висок | | | |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. Divizioni 50, nr. 14 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk
CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | задолжително точно да се наведе текстот што се менува од тендерската документација и изменетиот текст во рамките на документот „Известување за измена и дополнителни информации во постапката". | | | | |
| П5: | Договорниот орган задолжително да го објавува известувањето за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот. | Висок | | | |
| П6: | Задолжително почитување на одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен весник на РМ бр.55/2018 и Сл.Весник на РСМ бр.188/2020 и 55/2021 година). | Висок | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | при издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. Дополнително, ревизијата препорачува министерот да задолжи лице/лица кои ќе изработат работна процедура која ќе биде донесена од страна на министерот, а во врска со издавањето на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, во рамките на која детално ќе се разработат одговорностите и документацијата која треба да се приложи пред да се пристапи кон издавање на Решението. Министерот за здравство да назначи лице/лица или да да се предвиди во рамките на Актот за систематизација на МЗ организационен облик кој ќе | | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | биде задолжен за процесот на издавање на Решение за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење доколку повеќе што лицето кои првично било овластено од Министерот за оваа намена со Овластување бр. бр.17-2005/1 од 01.03.2021 година не е повеќе во работен однос во МЗ. | | | | |
| П7: | При реализација на Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година доследно да се почитуваат одредбите од член 2 и член 13 од истиот. Ревизијата препорачува при изработка на техничка спецификација од ваков вид да се ангажираат стручни лица. | Висок | | | |
| П8: | Одговорните лица при заведувањето на архивските броеви на документацијата да | Висок | | | |



CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | се придружуваат до одредбите на Уредбата за канцелариско и архивско работење, односно да не се архивираат два различни документи со ист архивски број. | | | | |
| П9: | Министерот за здравство да иницира до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот (МТВ) изработка на Програма за потрбите на здравство согласно одредбите од член 73 став 3 и 4 од Законот за градење и член 33-6 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. | Висок | | | |



Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П10: | Доследно почитување на одредбите од член 2, 5 и 13 од склучениот Договор за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. | Висок | | | |
| П11: | Доследно почитување на одредбите од член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој се дефинира кои се обврските на носителот на набавката, вклучително и одредбите од член 2 од цитираниот Договор во рамките на кој се дефинира предметот на договорот. | Висок | | | |
| П12: | Доследено почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот на изведување на работите. | Висок | | | |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk
CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П13: | Почитување на одредбите на член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. Ревизијата препорачува при изработка на тендерската документација за ваков тип на објекти во делот на техничката спецификација наведените минимални барања кои треба да се исполнат од страна на ЕО да се усогласат со минималните барања на законската регулатива од доменот на градба односно почитување на одредбите од Законот за градење, Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, Упатство за содржината на елаборатот за заштита од | Висок | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shendetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk
CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | пожари, експлозии и опасни материи итн. како и изработката на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење, Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење. | | | | |
| П14: | Доследно почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува рокот и динамиката на изведување на работите како и договорната казна и надомест на штета ако носителот на набавката | Висок | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите. | | | | |
| П15: | Ревизијата препорачува доследно почитување на одредбите од Законот за градење, одредбите од член 33-б од Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење вклучително и одредбите од член 2 и член 13 од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година. | Висок | | | |
| П16: | Доследно почитување на одредбите од член 119 како и одредбите од член 116 став 2 и 117 став 1 од Закон за ЈН. | Висок | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetesisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П17: | Почитување на одредбите од член 72, а во врска со член 119 од Законот за јавни набавки, односно во случај на измена на Договорот во периодот на негова важност задолжително да се прикачи на ЕСЈН известување за измена на договор и потпишан Анекс на Договор. | Висок | | | |
| П18: | Доследно почитување на одредбите од Договорот за набавка на работи со арх.бр.23-1431/17 од 28.05.2021 година во рамките на кој точно се утврдува предметот, рокот и динамиката на изведување на работите како и договорната казна и надомест на штета ако носителот на набавката работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите. | Висок | | | |
| П19: | Министерот за здравство да назначи лица за изработка на | Висок | | | |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

CamScanner

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | интерна процедура за текот на движење на документацијата (влезна и излезна) во рамките на министерството за здравство вклучително и ЕИП во рамките на која меѓудругото ќе се наведе и рок за враќање на документацијата во архивата на МЗ доколку таа е погрешно заведена и распоредена. | | | | |
| П20: | Договорниот орган при спроведување на постапката за ЈН реално да го димензионира рокот на изведување на работите кои се предмет на набавка. | Висок | | | |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë Republika e Maqedonisë se Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk
CamScanner